Машински факултет
Број 08-1446/2
4.10.2023 год.
Скопје

Врз основа на член 163 од Законот за високото образование („Службен весник на РМ“ број 82/2018), член 53 став 2 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник број 411/2018), како и Одлуката на Наставно-научниот совет за утврдување на потреба од демонстратори број 02-1446/1 од 4.10.2023 година, Деканот на Машинскиот факултет во Скопје распишува интерен

**О Г Л А С**

за избор на демонстратор во учебната 2023/2024 година

**I**. Се распишува оглас за избор за избор на 1 демонстратор во Институт за хидраулично инженерство и автоматика, како помошник во наставно-образовниот процес на прв циклус студии во учебната 2023/2024 година за предметите Механика на флуиди и Вовед во машинство.

**II**. Кандидатите за демонстратори треба да ги исполнуваат следниве услови:
- да се студенти на втор циклус студии запишани на соодветната студиска програма – Sustainable energy and environment;
- да имаат завршено прв циклус студии или додипломски студии со просечна оценка од најмалку 8,00 (осум);
- да се оценети со оценка од најмалку 8,00 (осум) за значајните предмети од прв циклус студии – Механика на флуиди и Струјнотехнички мерења и инструменти;
- да не е поведена дисциплинска постапка во текот на студирањето на прв циклус студии.

**III**. Демонстраторот во вршењето на наставнообразовниот процес на Факултетот ќе учествува со минимална ангажираност од 6 часови, односно максимална ангажираност од 12 часови седмично.

**IV. Документи за пријавување:**
- пријава на оглас (во пријавата задолжително да се наведе домашна адреса и број на телефон за контакт и e-mail);
- потврда за запишан втор циклус студии во учебната 2023/2024 година на соодветната студиска програма;
- уверение за завршен прв циклус студии и положени испити;
- кратка биографија (CV).

**V. Документите се предаваат во архивата на Факултетот.**

**VI. РОК за поднесување пријава и документи: 5 - 9 октомври 2023 година.**

Универзитет “Св. Кирил и Методиј” во Скопје
Машински факултет - Скопје
Декан
Проф. д-р Златко Петрески, с.р.